РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-373
09.02 2015 година
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-970/1 од 09.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата на ден 09.02.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), на начин што на 01.02.2015 година и 02.02.2015, во играната серија „Азиланти" не обезбедил превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана (по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршокот) е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-970/1 од 09.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 09.02.2015 година, изврши контролен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 01.02.2015 година, 02.02.2015 година и 03.02.2015 година, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека овој радиодифузер извршил повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што на ден 01.02.2015 година и 02.02.2015 година, ја емитувал играната серија „Азиланти", во којашто голем дел од дијалозите се емитувани на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана (по наслов на емисија, период на емитување и опис на прекршокот) е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-970/1 од 09.02.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-970/1 од 09.02.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):
1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-970/1 од 09.02.2015 година.

Доставено до:
- Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 09.02.2015
Орг. единица: 10 | Број: 970 | Прилог: 1 | Вредност:

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 1, 2 и 3 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 9 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка:**

- нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1, 2 и 3 февруари 2015 година, е констатирано дека радиодифузерот на 1 и 2 февруари емитува играна серија „*Азиланти*“, во којашто голем дел од дијалозите се емитувани на српски јазик, без превод на македонски јазик, со што го прекрши **член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

**01.02.2015 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| *Азиланти* | 06:32:54 | 06:59:54 | Во играната серија „*Азиланти*" голем дел од дијалозите се емитувани на српски јазик, без превод на македонски јазик. |

**02.02.2015 г.**

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| *Азиланти* | 05:41:41 | 06:07:04 | Во играната серија „*Азиланти*" голем дел од дијалозите се емитувани на српски јазик, без превод на македонски јазик. |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 1 и 2 февруари 2015 година, во играната серија „Азиланти" не е обезбеден превод на македонски јазик.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***